УЖ-3.бр.603/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - Претседател на советот и судиите Фани Илиевска и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Друштво за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства РЕНИ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери, Скопје, поднесена преку полномошник Адвокат Ана Панчевска од Скопје, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.78/2019 од 13.02.2019 година, за јавна набавка, на седницата на советот одржана на 14.09.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот Друштво за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства РЕНИ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери, Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.78/2019 од 13.02.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.78/2019 од 13.02.2019 година тужбата на тужителот Друштво за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства РЕНИ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери, Скопје, изјавена против Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.08-440/5 од 18.07.2018 година ја одбил како неоснована.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот поради суштествени повреди на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи, пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување или да се преиначи на начин што тужбата на тужителот да се уважи и оспореното решение да се поништи.

Вишиот управен суд, по извршениот увид во списите на предметот и наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Судот од увидот во списите по предметот утврди дека договорниот орган Агенција за катастар на недвижности, спровела постапка по Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.232/2018 за набавка на услуги и поправка и одржување на ПП опрема (сервисирање) на ПП Инсталација, ПП апарати, громобранска инсталација и систем Фм200 со набавка на резервни делови и донел Одлука за избор на најповолен понудувач за дел 1,3 и 4 и поништување на дел 2, бр.1034-293/12 од 10.12.2018 година.

Против одлуката за избор на најповолен економски оператор, Друштво за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства РЕНИ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери, Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која одлучувајќи по истата утврдила дека тужителот не постапил согласно член 212 став 2 од Законот за јавните набавки, односно не доставил доказ за уплата на надомест за водење на постапката и поради тоа не постапил по истата, односно ја отфрлил како неплатена, по што го донела сега оспореното Решение бр.08-440/5 од 18.07.2018 година.

Тужителот незадоволен повел управен спор оспорувајќи ја законитоста на Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.08-440/5 од 18.07.2018 година.

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.78/2019 од 13.02.2019 година тужбата на тужителот ја одбил како неоснована. Судот смета дека оспореното решение е правилно и со него не е повреден законот на штета на тужителот.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 212 став 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07 ... 83/18), подносителот на жалбата е должен да приложи и доказ за уплата на надомест за водење на постапката.

Согласно член 212 став 2 од истиот закон, подносителот на жалба е должен да приложи и доказ за уплата на надомест за водење на постапката.

Согласно член 229 став 1 од Законот за јавните набавки, во постапката пред Државната комисија подносителот на жалбата, покрај административната такса, плаќа и надоместок за водење на постапката во зависност од висината на понудата и тоа: до 20.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 100 евра во денарска противвредност, од 20.000 до 100.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 200 евра во денарска противвредност, од 100.000 до 200.000 евра во денарска

противвредност, надоместок од 300 евра во денарска противвредност или над 200.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 400 евра во денарска противвредност.

Вишиот управен суд оцени дека Управниот суд правилно одлучил кога прифатил дека тужениот орган при одлучувањето по изјавената жалба правилно ги применил одредбите од Законот за јавни набавки, односно дека тужителот не постапил согласно цитираните законски одредби од Законот за јавните набавки, кога врз основа на истите ја отфрлил жалбата како неплатена, а согласно член 220 став 1 алинеја 3 од истиот закон, според кој во постапката Државната комисија може да ја отфрли жалбата заради ненадлежност, недозволеност, неуредност, ненавременост поради тоа што е изјавена од неовластени лица и во случај на неисполнување на обврската од членот 212 став 2 на овој закон, поради што тужениот орган правилно постапил кога одлучил како во диспозитивот на оспореното решение.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужениот орган но наоѓа дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Управниот суд при одлучувањето дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на пресудата, а со кое образложение во целост се согласува и овој суд.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 14.09.2020 година под УЖ-3.бр.603/2019.

| Записничар - судски соработник | Претседател на совет - Судија |
|---|---|
| Милка Стефановска Трпевска с.р | Владанка Панчурова Сулејмановас.р |

/ЛС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE SHKUP

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува

Судски службеник